Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и член 65-ѓ став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки**
**(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 88/21)**

1. Во Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/17), во целиот текст зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија", освен во точката 14 од Одлуката.

2. Во точката 4 став 2, зборовите: „Македонската банка за поддршка на развојот", се заменуваат со зборовите: „Развојната банка на Северна Македонија".

3. Точката 10 се менува и гласи:

„10. Врз основа на методологијата од точката 1 од оваа одлука и упатството од точката 12 од оваа одлука, Народната банка ги идентификува системски значајните банки.

За секоја системски значајна банка од ставот 1 од оваа точка, гувернерот на Народната банка носи одлука во која е наведена висината на стапката на заштитниот слој на капиталот што треба да го одржува банката и ја доставува до банката најдоцна до 30 април во секоја година.

Банката од ставот 1 од оваа точка е должна да се усогласи со стапката на заштитниот слој на капиталот наведена во одлуката од ставот 2 од оваа точка, најдоцна до 31 март во следната година."

4. Точката 11 се менува и гласи:

„11. Согласно со закон, Народната банка ја објавува листата на банки коишто се идентификувани како системски значајни банки на својата интернет-страница."

5. Во точката 12 став 1, точката и запирката во алинејата 5 се заменува со точка, а алинејата 6 се брише.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**О бр. 02-15/V-2/2021**
**19 април 2021 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**